**ОПШТИНА ШТИП**

**ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на општина Штип**

**ИЗГОТВУВА: Комисија за подготовка на Стратегија за меѓуетничка интеграција и младинско учество**

# ПРЕДЛОГ-СТРАТЕГИЈА ЗА МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО И МЛАДИНСКО УЧЕСТВО НА ОПШТИНА ШТИП

**2021-2026**

**ШТИП**

**ЈУЛИ 2021**

*Општина Штип ул. „Васил Главинов“ бр. 4Б, 2000 Штип,*
*Одделение за образование Тел: (032) 22 66 14; (032) 22 66 38 Факс: (032) 22 66 01*
*Веб страна: www.stip.gov.mk е-пошта: gradonacalnik@stip.gov.mk*

| ЛИСТА НА КРАТЕНКИ |
|---|
| |
| БРО – Биро за развој на образование |
| ДПИ – Државен просветен инспекторат |
| ЕУ – Европска унија |
| ИКРУ – индикатори за квалитет на работата на училиштето |
| МИО – меѓуетничка интеграција во образованието |
| МОН – Министерство за образование и наука |
| НВО – Невладина организација |
| ГО- Граѓанска организација |
| РСМ- Република Северна Македонија |
| СР – Совет на родители |
| УО-Училишен одбор |
| ТУИ – Тим за училишна интеграција |
| ЦСОО-Центар за стручно образование и обука |
| ОПМП- Општински план за мерење на постигањата |
| СОУ-Средни општински училишта |
| ООУ-Основни општински училишта |

**ВОВЕД**

Современото општество, а во тие рамки образовниот систем како фундаментален столб на општеството, подразбира негување на мултикултурна средина во образовните институции кои ги промовираат процесите на општата социјална, економска, културна глобализација како и мултикултурна образовна интеграција. Истовремено, мултикултурната средина на образовната институција се смета како посебна педагошка појава, што се карактеризира не само со ученици, кои припаѓаат на различни етнички групи, туку и вклучување на наставници во образовните институции во процесот на промоција и негување на мултикултурализмот. Образовните институции што вклучуваат повеќе етнички групи имаат неколку основни вредности:

- признавање на разлики;
- мултикултурна кохезија;
- еднаквост и;
- поттикнување на чувството за припадност;

Затоа од суштинско значење за развојот на мултикултурализмот во една средина, е процесот да се гради преку знаење и размена на искуства, детектирање, дефинирање и континуирано намалување на предрасудите, правичност и зајакнување на училишната и социјалната култура.

Еднаквоста е комплексна идеја но и практика, која вклучува еднаков третман од страна на наставниците кон учениците и еднакви вреднувања на резултатите на учениците од различните групи.

Едно од основните, но можеби и од суштинско значење ѐ чувството на припадност на поединецот-ученик. Тоа подразбира да си дел од целото, од заедницата, да ги прифаќаш, градиш, чуваш и негуваш вредностите кои училишната задницата ги има оформено. Без идентификација со заедницата, со вредностите на училиштето, нема успешна училишна, аналогно на тоа ниту општествена кохезија.

Реформите во образованието не опфаќаат само подобрување на академските знаења туку и учење коешто помага учениците да се подготват да живеат во мултикултурно општество и тоа е нагласено во многу меѓународни документи (УНЕСКО, УНИЦЕФ, Совет на ЕУ), следствено и во официјалните документи на Владата на Република Северна Македонија и образовните институции: Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование (МОН и БРО, 2007); Индикатори за квалитетот на работата на училиштата (МОН и ДПИ, 2015); Основни професионални компетенции и стандарди за наставници, Основни професионални компетенции и стандарди за стручни соработници и Професионални компетенции за директори на основни и средни училишта.

- Општина Штип во соработка со основните и средни училишта со години наназад е посветена на креирањето политики за промовирање на МИО и младинско учество и планира активности според карактеристиките и потребите на самите училишта. Согласно планираните активностите за МИО и младинско учество ќе се промовира интеракција и социјализација меѓу учениците од различните заедници/ наставни јазици и во еднојазичните и во повеќејазичните училишта. Кога учениците организираат и учествуваат во заеднички активности, тие имаат можност за непосредна комуникација и меѓусебен контакт, меѓусебно запознавање и формирање интерперсонални релации, учење едни за други, едни од други, со цел намалување на негативните стериотипи и предрасуди за другите. Во активностите за учество на

младите, тие ќе бидат насочувани и подржувани да идентификуваат конкретни проблеми во училиштето и заедницата. Потоа, врз основа на нивните заеднички одлуки, младите ќе преземаат иницијативи и акции со цел да се придонесе кон решавање на постоечките проблеми и недостатоци на ниво на училиште и заедница.

- Формално, организирано учество во група, клуб или активност кои во својата основа ќе ја имаат меѓуетничката интеграција, може да дејствува како клучен катализатор за градење позитивен меѓуетнички контакт меѓу децата и младите, особено за поттикнување на развојот на мултикултурните релации ѝ е многу ефикасно за намалување на предрасудите. Вклучувањето на децата и младите создава услови за поттикнување на меѓугрупните контакти (вклучително и соработка, рамноправен статус, заеднички активности, чувство на припадност и соживот), кои можат да дејствуваат како „Асоцијативни мостови“, помагајќи да се надминат структурните бариери за мешање меѓу групи.

- Имајќи ја предвид мултиетничката структура на населението во општина Штип (Според официјалните податоци од Пописот во 2002 г. во однос на етничкиот состав на населението во Штип, 87,18% се Македонци, 2,66% Турци, 4,59% Роми, 4,34% Власи и 1,23% останати)[1] а воедно и во образовниот систем, општина Штип константно се залага за унапредување на соработката во подрачјето на меѓуетничката интеграција во образованието и младинско учество во заедницата.
- Учениците во општина Штип кои што учат на различни наставни јазици учествуваат во заеднички наставни активности преку заеднички часови, и/или во истражувачки проекти, заеднички воннаставни и слободни ученички активности, како што се: екскурзии, секции, театарски претстави, креативни работилници, спортски игри итн.
- Процесот на подготовка на Стратегијата е воден од Македонскиот центар за граѓанско образование (МЦГО).
- Стратегијата е усвоена од страна на Советот на општина ____________________на седница одржана на ден ________________________.

[1] Попис на Република Македонија од 2002 г.

*Општина Штип ул. „Васил Главинов“ бр. 4Б, 2000 Штип,*
*Одделение за образование Тел: (032) 22 66 14; (032) 22 66 38 Факс: (032) 22 66 01*
*Веб страна: www.stip.gov.mk е-пошта: gradonacalnik@stip.gov.mk*

**ВИЗИЈА**

***Да создадеме воспитно-образовни институции во кои единствениот патоказ за заедничко живеење ќе бидат успешните и реализирани приказни на граѓани од ромска, турска, српска, влашка, македонска етничка заедница и тие ќе бидат училишните идоли и примери за идентификација на следните генерации ученици.***

**МИСИЈА**

***Познавајќи се себе си, да ја негуваме својата култура и национален идентитет но подеднакво да ги почитуваме и прифатиме сите останати, градејќи дом и мултикултурно општество еднакво за сите.***

**ЦЕЛ НА СТРАТЕГИЈАТА**

Општата цел на стратегијата за МИО и младинско учество на општина Штип е креирање на стратешки документ, поставување и дефинирање во една општа законската рамка која ќе биде темел-основа, од која ќе произлезат активности, задачи и решенија кои ќе значат и реално, практично реализирање на поставените цели во доменот на МИО и МУ.

Општина Штип се стреми за целосна соработка за МИО и младинско учество, преку:

- Изработка на општински акционен план за активности за МИО и младинско учество, заснован на елементите од годишните планирања на основните и средни училишта во општина Штип;
- Обезбедување финансиски средства, друга материјална и логистичка поддшка за училиштата во делот на активностите за МИО и младинско учество;
- Формирање општинска комисија за планирање, учество во реализација и следење на реализацијата на активностите за МИО и младинско учество;
- Активно вклучување на вработените од одделни сектори и одделенија, особено од одделението за образование и јавни дејности и ЛЕР;
- Соработка со тимовите за училишна интеграција од основните и средните општински училишта, претставници на Училишните одбори, Советите на родители и локалната заедница;
- Соработка со граѓанските организации од сферата на интеркултурното образование, меѓуетничката соработка и разни акции во заедницата;
- Соработка со клучните образовни институции (МОН, БРО, ДПИ и ЦСОО);
- Соработка и размена на искуства со други општини;
- Информирање на јавноста за активностите за МИО преку користење на содржините од веб страницата на општината, локалните и национални електронски медиуми;
- Организирање на кампањи, дебати и тркалезни маси за подигнување на свесноста на населението за придобивките од меѓуетничко интегрираното образование и младинско учество во општеството;
- Водење процес за воспоставување на партнерства меѓу училиштата за реализирање

активности за меѓуетничка интеграција;
- Поттик и подршка за креирање мрежа на основните и средни училишта во општината и креирање политики на соработка со други општини за реализирање на меѓуучилишната и меѓуопштинската соработка во доменот на меѓуетничката интеграција и младинско учество;

## МЕТОДОЛОГИЈА

Стратегијата е подготвена со активна вклученост на претставниците од општината во обуките за МИО и преку менторска подршка и директни посети и дискусии со претставниците на општина Штип за период до 2025 година.
Наставници и директори од основните и средните училишта како и претставници од општина Штип кои се вклучени во изработката на стратегијата учествуваа во МИО работилниците подржани од USAID и Македонскиот центар за граѓанско образование.

### Принципи на МИО на ниво на општина

Меѓуетничката интеграција во општина Штип се базира на неколку основни принципи :

-Заемна доверба и партнерство;
-Учество и размена на мислење;
-Одговорност и транспарентност;
-Еднакви можности и еднакво општество за сите;

Општина Штип во изминатите децении на македонската мултикултурна и мултиетничка сцена, успева да се препознае како општествена средина, во која меѓучовечките односи се базираат на висок степен на меѓусебна доверба, партнерство и поврзаност во сите општествени сфери и кај сите засегнати страни. Со цел успешно вградување на овие принципи, од најмала школска возраст кај учениците се промовира младински активизам и учество во општествените текови. Преку учеството и размена на различно мислење ќе се поврзуваат со органите на локалната самоуправа, граѓанските организации и сите други релевантни институции што се поврзани во процесот на негување и споделување на културата, традициите и соживотот во општината и јакнење на младинскиот активизам. Општина Штип е докажан субјект и на полето на информираност и транспарентност така што нејзина обврска е навременото информирање на јавноста за активностите за МИО преку користење на содржините од веб страницата на општина Штип, веб страните и други официјални интернет медиуми на училиштата, локални и национални електронски медиуми. Посебен акцент се става на училишната клима во училиштата, каде што учениците уште во ученичките клупи ќе учат да ги воочуваат, почитуваат и негуваат различностите и правото да се биде еднаков и покрај разликите меѓу себе, граѓанските вредности и одговорности, како и активна вклученост во локалните активности за менување на локалната средина, почитувајќи го правото на достоинствен живот на секој поединец независно од неговата полова, етничка, верска определба, вклучувајќи ги и лицата со посебни потреби.

**Целни групи**
Оваа стратегија ги вклучува општините, училиштата, родителите, како и граѓанските организации, локалните бизниси и секако граѓаните на општина Штип.

**Временска рамка**
Временската рамка за спроведување на Стратегијата е 5 години и таа ќе се спроведува од учебната 2021/22 до 2025/26 година.
Во акциониот план, како составен дел на Стратегијата, подетално се определени роковите за реализација на планираните активности за меѓуетничка интеграција во образованието.

## ЗАКОНСКА РАМКА И МОЖНОСТИ ЗА МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО И МЛАДИНСКИ АКТИВИЗАМ

**Меѓуетничката интеграција во образованието во стратешките документи на РСМ.**

Република Северна Македонија е потписник на значајни меѓународни документи коишто се однесуваат на човековите права, правата на детето, како и граѓанските права:

- Универзалната декларација за човекови права (Член 26);
- Член 27 од Меѓународен пакт за граѓански и политички права;
- Членовите 28, 29, 30 од Конвенцијата за правата на детето; Член 5 од Конвенцијата на УНЕСКО против дискриминација во образованието;
- Ставките 34 и 35 од Документот од состанокот во Копенхаген од Конференцијата за човекова димензија на ОБСЕ;
- Членовите 2 и 4 од Декларацијата на ОН за правата на лицата кои припаѓаат на национални или етнички, религиозни и јазични малцинства;
- Членовите 5, 6, 12, 13, 14 и 15 од Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства;
- Европската повелба на Советот на Европа за регионални и малцински јазици;
- Европската повелба на Советот на Европа за социјална кохезија.

Мултиетничкиот карактер на земјата е дефиниран во Уставот на РМ, во законите за основно и средно образование, како и во Националната стратегија за развој на образованието и Концепцијата за деветгодишно основно воспитно образование.

Мултикултурализмот и разбирањето на „другите“ е еден од четиринаесетте принципи во рамките на Концепцијата за деветгодишно основно образование. Според овој принцип учениците преку наставните содржини, методи и активности треба да стекнуваат знаења и вештини потребни за разбирање и почитување на „другите“, како и за промовирање на вредностите меѓу учениците - почитување на разликите меѓу луѓето, нивната култура, јазик и традиција.

**Образованието на заедниците согласно Уставот на РМ**

Според Уставот секој има право на образование. Образованието е достапно за сите под еднакви услови. Основното и средното образование се задолжителни и бесплатни. Припадниците на заедниците имаат право слободно да го изразат, негуваат и да го развиваат својот идентитет и националните карактеристики. Република Северна Македонија ја гарантира заштитата на етничкиот, културниот, јазичниот и верскиот идентитет. Припадниците на заедниците имаат право на настава на својот јазик во основно и средно образование, на начин утврден со закон. Во училиштата каде што наставата се изведува на јазиците на другите етнички заедници, се изучува и македонскиот јазик. Уставот и законите поврзани со образованието содржат одредби со кои се промовира почитување на различните култури, толеранција и недискриминација.

**Мултиетничкиот карактер на РСМ во Законот за основно[2] и Законот за средно образование[3]**

Законот за основно образование забранува дискриминација врз основа на пол, раса, боја на кожа, национална, социјална, политичка или религиозна афилијација или социјален статус во остварување на правото за основно образование. Следното е дел од целите на основното образование: 1) развој на писменост и вештини за разбирање, информирање и изразување на македонски јазик како и на јазиците на заедниците; 2) образование за заемна толеранција, соработка, почитување на различностите, основните човекови права и слободите.

Законот за средно образование, исто така, не дозволува дискриминации засновани на пол, раса, боја на кожата, национално и социјално потекло, политичко и верско уверување, имотна и општествена положба. Според овој закон средното образование е задолжително за секој граѓанин, под еднакви услови утврдени со овој закон.

Во рамки на основните професионални компетенции и стандарди за наставниците, стручните соработници и директори, една од шесте компетенции е посветена на областа „Социјална и образовна инклузија“, ставајќи акцент на развојот на мултиетничките надлежности.

Во поглавјето Начела на основното образование во член 4, алинеја 7- унапредувањето на сличностите и прифаќање на различностите, интеркултурност, мултикултурализам, интеркултурализам и мултикултурност, претставува едно од начелата на основното образование. Понатаму во поглавјето Заштита од дискриминација и промоција на еднаквост во член 5 став (1) е регулирано: „ Во основното воспитание и образование се забранува секоја директна или индиректна дискриминација, повикување и поттикнување на дискриминација и помагање во дискриминаторско постапување по основ на пол, раса, боја на кожа, национално или етничко потекло, попреченост, род, сексуална ориентација, родов идентитет, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, други видови уверувања, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус,

[2] Закон за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20)
[3] КОНСОЛИДИРАН ТЕКСТ („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017, 64/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/2020).

здравствена состојба и општествен статус или која било друга основа која е предвидена со закон или со меѓународен договор ратификуван согласно со Уставот на Република Северна Македонија во остварување на правата од основното образование“.

Во поглавјето Цели на основното образование во член 7 став (1) алинеи 5 и 6 се регулирани целите:

Воспитување за почитување на различностите, соработка, почитување на различноста, основните човекови слободи и права, - развивање на писменоста и способностите на учениците за разбирање, информирање и изразување на македонски јазик и неговото кирилско писмо.

Во поглавјето **Унапредување на мултикултурализмот/интеркултурализмот и меѓуетничката интеграција во членот 46,** во алинеите од еден до пет**, се** регулирани активности за развој, интеракција и унапредување на меѓуетничката интеграција и мултикултурализмот /интеркултурализмот во основното образование.

Во **Законот за средно образование во член 24 – в,** се регулира можноста училиштата да реализираат активности кои придонесуваат за развој и унапредување на меѓуетничката интеграција во образованието:

(1) Училиштата може да организираат активности кои придонесуваат за развој и унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и толеранцијата.

(2) Основните критериуми според кои треба да се организира една конкретна активност од ставот (1) на овој член се смета активност која што има за цел интеракција, односно интеграција на етнички/јазично мешани групи учесници, балансирани групи учесници според етничката припадност, полот и возраста, интеракција меѓу учесниците од различните етнички/јазични групи (во текот на активноста учениците од едниот наставен јазик/едната етничка група контактираат со учениците од другиот наставен јазик/другата етничка група, користење на сите застапени јазици, рамноправен третман на учесниците од сите етнички/јазични групи, постигнување конкретни - заеднички цели (опипливи/видливи продукти) со учество на сите застапени етнички заедници.

Во рамки на основните професионални компетенции и стандарди за наставниците, стручните соработници и директори, една од шесте компетенции е посветена на областа ‘’Социјална и образовна инклузија “, ставајќи акцент на развојот на мултиетничките надлежности.

**Тематските насоки во Стратегијата на РСМ за интегрирано образование**

Насоките дадени од тематските подрачја допираат прашања од :

- демократското владеење во училиштата во децентрализирана средина,
- заедничките наставни и вонаставни активности,
- јазичните постигнувања, наставните содржини и учебници,
- обука за наставници за водечките концепти и принципи за надминување на поделбата по

етнички и јазични линии во училиштата.

Целта на меѓуетнички интегрираното образование е учениците од различните етнички/јазични групи да научат да живеат заедно, свесни за својата етничка припадност но истовремено почитувајќи ги сите останати и градејќи заедница базирана на различности. Високото ниво на демократија во училиштата каде училиштето работи во атмосфера на заедничко донесување на клучните одлуки, ќе создаде чувство на заедничка припадност и заеднички придонес, а секој поединец подеднакво ќе има право на глас и одлучување во рамки на надлежностите. За да се стекнат со потребните компетенции, неопходно е учениците да учествуваат во заеднички активности, како наставни, така и вонваставни, што се насочени кон намалување на предрасудите кон припадниците на другите етникуми, зголемувајќи ја меѓуетничката соработка и создавајќи односи на меѓузависност и подршка. Заедничките наставни активности во редовната настава можат да се реализираат по наставните предмети: часови по странски јазик, ликовно образование, музичко образование, физичко и здравствено образование, спорт и спортски активности, предмети во кои се учи за информатичката технологија, практична настава и други.
Наставните активности може да се реализираат и преку разни заеднички проектни активности во рамките на редовните предмети, настава во природа, размена на наставници, материјали и сл.

Унапредувањето на меѓуетничката интеграција се остварува со продлабочена соработката на МОН со локалната самоуправа и Државниот просветен инспекторат со цел да се зголеми бројот на училишта кои што реализираат активности за меѓуетничка интеграција во образованието и изготвување на локални стратегии за меѓуетничка интеграција во образованието.
-Обуки за наставниците и стручните соработници кои не се обучени за реализација на активности за меѓуетничка интеграција во образованието.
-Зајакнување на капацитетите на училиштето преку воспоставен систем на континуирани обуки.
-Заеднички активности на учениците што учат на различни наставни јазици;

Во Министерството за образование и наука е формирана работна група со одговорност за следење на работата на конкретните активности во училиштата за меѓуученичка интеграција.

Важно е да се напомене дека една од целите на оваа работна група ѐ и да се одбегне преклопувањето на активностите за МИО на терен.

**Вклучени страни во процесот на образование**

**Министерство за образование и наука (МОН)**

Министерството за образование и наука има мисија да го развива образованието и воспитно образовниот систем во РСМ, да ја развива науката, научните достигнувања и иновации преку примена на принципите на квалитет, економичност, граѓанска одговорност и поврзаност со пазарот на трудот. Со примена на овие принципи ќе се овозможи и рамноправно учество на Република Северна Македонија во европските образовни економски и политички интегративни процеси. Министерството за образование и наука има визија да ги промовира

вредностите и темелите на квалитетно образование и наука како клуч за подобрување на квалитетот на животот во целокупното оптштество. Министерството за образование и наука доделува мали грантови за сите училишта во Република Северна Македонија кои ќе аплицираат со активностите за меѓуетничка интеграција во образованието.

**Биро за развој на образованието (БРО)**

БРО е орган во состав на Министерство за образование и наука, одговорно за целокупниот образоваен развој, вклучувајќи ги и наставните планови и програми. Сите одлуки се носат на централното ниво, иако БРО има свои канцеларии и во поголемите градови. Од 2012 година советниците на БРО се дел од голем број обуки поврзани со меѓуетничка интеграција во образованието.

**Државен просветен инспекторат (ДПИ)**

ДПИ е орган на државната управа во состав на Министерството за образование и наука и врши надзор над исполнетоста на образовните стандарди, обезбедување на квалитет на образованието, ефективност преку евалуација на работата на воспитнообразовните установи, како и примената на законите, другите прописи и општи акти од областа на образованието и воспитанието. При утврдување на оценката за квалитетот на воспитно-образовниот процес, во текот на интегралната евалауција, се поаѓа од Индикаторите за квалитетот на работата во училиштата што се пропишани и донесени од страна на Министерството за образование и наука.

Индикаторите исто така се користат за вршење на увид на работата на училиштата од аспект на меѓуетничка интеграција во образованието.

**Центар за стручно образование и обука (ЦСОО)**

ЦСОО е јавна установа во која треба да се усогласат и да се интегрираат јавните интереси и интересите на социјалните партнери во стручното образование и обука во РСМ и е центар кој ја корrдинира соработката со меѓународните институции и организации во областа на стручното образование и обука. Центарот врши стручни работи од областа на следењето, вреднувањето, проучувањето, унапредувањето, истражувањето и развојот на стручното образование и обука, како и други работи во согласност со законот, актот за основање и статутот.

**Државен испитен центар (ДИЦ)**

Надлежностите на ДИЦ се да подготвува национална програма за екстерна евалуација на основното и средното образование согласно европските стандарди; да прибира, обработува и врши анализа на резултатите од тестирањето за проверување на постигањата на учениците во основното и средното образование; да изготвува тестови за екстерите испити во државната матура; и да врши обука на кандидатите за директори на основни и средни училишта и да го спроведува испит.

**Училишни одбори**

Училишниот одбор во основното училиште е составен од претставници од наставниците,

стручните соработници и воспитувачите од училиштето, претставници од родителите, односно старателите на учениците и претставник од основачот.

Училишниот одбор во средно училиште е составен од претставници од наставниците, родителите, односно старателите на учениците, претставници од основачот и претставник од Министерството и од деловната заедница..

Училишниот одбор е одлучувачко тело одговорно за управување со училиштето. Составот, надлежностите и задачите на училишниот одбор се определени со Законот за основно образование и статутот на училиштето. Улогата на училишниот одбор во училиштето е да донесува статут на основното училиште; предлага годишна програма за работа и извештај за работа на основното училиште до советот на општината; донесува програма за развој на училиштето; донесува програма за воведување на повисоки стандарди и други програми; предлага финансиски план и завршна сметка и врши и други работи утврдени со статутот на основното училиште.

**Училишно раководство (директор и стручни соработници)**

Орган на раководење во основното училиште е директорот. Училишниот раководство (директорот и стручните соработници се обучени за примена на МИО во училишните активности преку подготовка на годишните планови за работа кои вклучуваат посебен дел за заеднички ученички активности и партнерство со други училишта. На училишното раководство му е неопходен континуиран професионален развој за поголемо успешно управување со човековите и финансиските ресурси за зајакнување на нивните капацитети за подобро справување со сите обврски на професионален начин.

**Наставници**

Наставниците од сите основни и средни училишта се обучени како да планираат и да реализираат активности за МИО во рамките на редовната настава како и вонаставните активности. На наставниците и понатаму им е потребна дополнителна подршка во применувањето на заедничките ученички активности за поттикнување и унапредување на социјализација, пријателство и заедно прифаќање меѓу учениците.

**Родители- Совет на родители**

Иако родителите можат да учествуваат во секојдневните наставни активности и да бидат партнери на наставникот и училиштето воопшто, нивната вклученост е многу мала. Согласно Законот за основно образование, родителите имаат тројца претставници назначени од Советот на родители во училишниот одбор. На тој начин родителите преку Советот на родители можат да учествуваат во процесот на донесување на годишната програма за работа на училиштето, да расправат за извештајот за работата на училиштето, да даваат мислење и предлагат мерки за подобрување на наставата и вонаставните активности, да учествуваат во самоевалуацијата на работата и постигањата на училиштето, да иницират спроведување на активности за подобрување на квалитетот на училиштето и други работи утврдени со законот и статутот на училиштето.Ова значи дека вклученоста на родителите во наставните и вонаставните активности може значајно да придонесе во унапредувањето на меѓуетничката кохезија на учениците од различни заедници/јазици и нивно вклучување во граѓански

иницијативи и акции за подобрување на квалитетот на живеење во училиштето, локалната и општествената заедница.

## ОБРАЗОВАНИЕТО НА НИВО НА ОПШТИНА

### Децентрализација во образованието на РСМ

Децентрализацијата во образованието подразбира распределба на планирањето и имплементацијата на промените од највисоко организациско централно ниво, кон насочување за преземање на надлежностите, одговорностите и активностите врз училиштата, од страна на општините и Локалната самоуправа. Преку овој процес, се овозможува, подобрување на образовниот систем на Република Северна Македонија, иницирање во образованието да се исполнат локалните образовни потреби на основните и средните училишта, да се стекнат со вештини за заедничко учество во градењето врски за ефикасно подобрување на образованието, притоа користејќи ги своите права, прифаќајќи ги своите одговорности и осигурувајќи отчетност и транспарентност на надлежните органи. Децентрализацијата овозможува и зајакнување на комуникацијата помеѓу општините и училиштата, подршка на партиципативен пристап во процесите на одлучување истовремено исполнувајќи ги приоритетните образовни потреби и воспоставувајќи процедури за соработка помеѓу владата и училиштата.

Имајќи во вид дека основните и средните училишта во Општина Штип се воспитно-образовни непрофитабилни институции, кои главното финансирање го добиваа од Министерството за образование и наука на Р.С.М, со процесот на децентрализација и ставањето на училиштето во надлежност на Локалната самоуправа, целосното финансирање се трансферира преку Општината на град Штип. Општините треба да влијаат на зајакнувањето на демократското учество во промовирањето на соработката помеѓу образовните институции и локалната заедница.

**Податоци за основните и средни училишта во општината[4]**

**Табела 1. Листа на основни и средни општински училишта**

| р.б. | Име на училиштето | Основно / Средно | Град / Село |
|---|---|---|---|
| 1 | ООУ "Ванчо Прќе" | основно | Штип |
| 2 | ООУ “Тошо Арсов” | основно | Штип |
| 3 | ООУ “Димитар Влахов” | основно | Штип |
| 4 | ООУ “Гоце Делчев” | основно | Штип |

[4] Податоците се дадени како состојба во месец мај , учебна 2020/21 година

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5 | ООУ " Славејко Арсов" | основно | Штип |
| 6 | СОУ Гимназија"Славчо Стојменски" | средно | Штип |
| 7 | СОУ "Коле Нехтенин" | средно | Штип |
| 8 | СОУ "Јане Сандански" | средно | Штип |
| 9 | СОУ "Димитар Мирасчиев" | средно | Штип |

**Табела 2. Број на наставници по наставен јазик**

| р.б. | Наставен јазик | Број на наставници |
|---|---|---|
| 1 | Македонски | 530 |
| 2 | Албански | / |
| 3 | Турски | 2 |
| 4 | Српски | / |

**Табела 3. Број на ученици по наставен јазик**

| р.б. | Наставен јазик | Број на ученици |
|---|---|---|
| 1 | Македонски | 6118 |
| 2 | Албански | / |
| 3 | Турски | 16 |
| 4 | Српски | / |

**Советот на општината**

Советот на општината е основач на училиштата и тој ги донесува годишните програми и годишните извештаи на училиштата. Членовите на советите на општините, преку соодветни комисии за образование, по правило имаат континуиран мониторинг, вклучувајќи го и периодот кога се донесуваат годишните програми и извешати на училиштето.

Во рамките на своите надлежности, Советот на општината :

- ги именува и ги разрешува претставниците во училишните одбори,
- го разгледува и го усвојува годишниот извештај за работата на училиштето,
- ја разгледува и ја усвојува годишната програма за работа на училиштето,
- го разгледува и го донесува годишниот финансов план на училиштето,
- ја разгледува и ја усвојува завршната сметка на училиштето,
- има можност до ДПИ да достави барање за вонредна интегрална евалуација и екстерно проверување и оценување на напредокот и постигањата на учениците.

**Подготовка на наставниците**

Во секое училиште е формиран **тим за училишна интеграција,** чии членови преку различни обуки стекнаа знаења и вештини за спроведување на активностите за МИО со учениците. Стекнатите знаења и вештини, тимовите за училишна интеграција ги дисеминираа во училиштата и со тоа сите наставници од сите основни и средни училишта во Република Северна Македонија се обучени да планираат и да спроведуваат активности за меѓуетничка

интеграција во редовната настава и во вонnаставните активности.

**Досегашни искуства и активности на наставниците**

Тимот за училишна интеграција во секое училиште преку создавање можности за учениците да се дружат и да соработуваат на разни граѓански иницијативи, негува позитивни интеракции помеѓу етнички разновидната младина на ниво на училиште и заедница. Во изминатиот период во општинските основни и средни училишта се реализираа:

- креативни работилници со група ученици од мешан етнички состав со цел развивање на свесност за придобивките од интеркултурната/интеретничката комуникација кај учениците и сето тоа на еден креативен начин на изразување на учениците, односно со користење на креативни процеси кои ќе придонесат за поквалитетно меѓуетничко интегрирано образование.
- Хуманитарни акции со кои се гради и покажува хуманоста од најмала училишна возраст и претставува начин да се покаже дека грижата едни за други треба да биде секојдневие.
- Дебати со ученици од различна етничка припадност со цел зајакнување на учеството на младите во меѓуетничкиот дијалог во училишната и пошироката заедница и зголемување на граѓанската свест и демократското однесување меѓу младите во државата . Теми на кои се дебатираше::
  - Ајде да се дружиме
  - Заедничка борба против ефектите на стаклена градина и глобално затоплување
  - Заедно во борба против никотиноманијата
  - Пубертетски промени во моето тело
- Соработка и заеднички дружења со партнер училиштата со кои се доби можност за дружење, креирање нови мисли и можности, надминување на сите стереотипи и предрасуди, сознавање дека сме различни а сепак исти и дека заедно можеме да изградиме подобро општество и утре, за сите.
- Заедничко аплицирање и добивање на грант од Фондот Градиме мостови, заеднички проект отпочнат од Министерството за образование и наука и Мисијата на ОБСЕ во Скопје со партнер училиштата. Добиените средства се користат за заеднички активности и подобрување на условите за учење во училиштата.

## АКТИВНОСТИ ВО УЧИЛИШТАТА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА МИО И МЛАДИНСКО УЧЕСТВО

**Подрачја на планирање**
**Наставни и воннаставни активности**

Општината ќе поддржува повремени заеднички настани и (заеднички часови) со ученици од различни наставни јазици според планиран обем и разновидност што ќе произлезе од донесените годишни програми на основните училишта, а ќе се однесуваат на МИО во делот на одржување на заедничка настава. Заедничките часови по одредени предмети со ученици од различни наставни јазици/заедници може да се одржуваат исклучиво со претходно

обучување од ментори/експерти на наставниците за реализација на овој посебен вид на настава.
Општината ќе поддржува вонннаставни активности според планиран обем и разновидност што ќе произлезе од донесените годишни програми на основните училишта, а ќе се однесуваат на МИО во делот на секции, екскурзии, натпревари, приредби, мултикултурни работилници, уметнички изведби активности на ученичките заедници, иницијативи и акции што резултираат со младинско учество и друго.

**Подобрување на интеркултурните компетенции кај учениците**

Општината развива систем на организација на заеднички активности за МИО, преку организирани меѓуучилишни средби на повеќејазичните и еднојазичните училишта, на кои се споделуваат искуства, се стекнуваат нови познанства, се планираат заеднички наставни и вонннаставни активности. Општината ќе се грижи за подобрување на интеркултурните компетенции кај учениците, особено преку вклучување на наставници, родители и постојано зголемување на бројот на ученици од мешан етнички состав во вонннаставните активности.

**Размена на искуства и информации при планирање**

Општината ќе организира заеднички средби на стручните активи од основните училишта со цел да се разменат искуства и да се споделат информации при планирањето на заеднички наставни и вонннаставни активности – интегрирани активности. Посебен акцент се дава на организирањето на заеднички часови, заеднички секции, екскурзии и приредби. Општината ќе поддржи консултативни и организациони средби со ментори/експерти за планирање на наставата, активности за МИО и сл.

**Утврдување на образовните потреби на учениците**

Општината ќе поддржи активности за обезбедување посебна поддршка на учениците коишто изучуваат различен јазик од мајчиниот преку организирани посети на курсеви за јазик, користење интерактивни техники – компјутерски курсеви, ликовни изложби, разни заеднички настани и меѓусебно дружење во текот на наставата и надвор од редовната настава.

**Поддршка и промовирање на меѓуетнички активности**

-Продлабочување на соработката и заедничките активности со партнер (двојазичното/тријазично) училиште
- Инволвирање на нови ученици во секцијата за меѓуетничка интеграција;
- Имплементирање на сознанијата поврзани со меѓуетничката интеграција во тематските планирања по сите наставни предмети согласно наставната програма, како составен дел од наставниот процес.
- Мониторирање од Тимот за училишна интеграција на реализираните активности;
- Реализирање на креативни работилници со учениците;

## УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО
**(правата на децата, еднаков и правичен третман на сите ученици, прифаќање и промовира мултикултурализмот)**

Општина Штип ќе поддржува активности – работилници, средби, предавања и меѓуучилишна соработка за запознавање на родителите и наставниците за почитување на правата на децата согласно Конвенцијата за правата на децата. Општината ќе ги следи механизмите со кои ќе се обезбеди промоција на еднаквоста и правичноста кон децата без разлика на полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите.

Општината ќе се грижи училиштата да планираат и да реализираат активности со кои учениците ќе се поттикнуваат на активно слушање, искажување на своето мислење и прифаќање на мислењето на другите во групата, демократско учество во училиштата и на ниво на заедницата, итн.

Општината ќе се грижи училиштата да водат политика на позитивно вреднување и промовирање на родовата, етничката, културната, верската и јазичната разновидност во училиштето и во заедницата, нивно заемно прифаќање и потпирање. Општината ќе поддржи активности во кои што учениците од различните етнички/јазични заедници учат да ја почитуваат сопствената култура и традиција и културата и традицијата на другите етнички заедници во Република Северна Македонија.

## СОРАБОТКА НА ОПШТИНАТА СО УЧИЛИШТАТА И МЕЃУЕТНИЧКА СОРАБОТКА

Со цел да се поттикнуваат, поддржуваат и унапредуваат активностите за МИО и младинско учество со иницијативи и акции во заедницата, како и да се одржува и унапредува соработката на општината со училиштата за зајакнување на МИО на ниво на општина, активности што ги спроведува општината се следни:

- учество на обуки, работилници и состаноци со застапени теми и активности за МИО;
- изработка на акционен план на општината за МИО којшто се проследува на усвојување од страна на советот на општината;
- насочување, следење, координирање и поддршка на училиштата за спроведување на активностите за МИО;
- обезбедување соодветни ресурси на училиштата за спроведување на активности за МИО;
- организирање настани за промовирање на МИО на ниво на општина и вклучување на медиумите за информирање на јавноста;
- поддршка и учество во организирање на кампањи, дебати и тркалезни маси за подигнување на свесноста на населението за придобивките од МИО;
- објавување успешни приказни за МИО на општинската веб-страница;

- водење на процесот за партнерство меѓу училиштата за МИО;
- поддршка и поттик во креирање мрежа на училиштата во општината и меѓу различни општини за реализирање на меѓуучилишна и меѓуопштинска соработка за МИО;
- соработка со образовните институции (МОН, БРО, ДПИ и ЦСОО), невладини организации и со други општини.

Во општината се назначува Комисија за реализација на Стратегијата за МИО и МУ. Комисијата одржува редовна комуникација и соработка со тимовите за училишна интеграција и треба да бара од тимот за училишна интеграција во секое училиште да:

- испраќа глобален акционен план и детални акциони планови за активности за МИО;
- известува редовно за датумите за активностите на МИО во училиштето (од - до дена пред активноста);
- информира редовно за постигањата и евентуалните пречки/проблеми/предизвици во реализацијата на активностите за МИО во училиштето.

## ПОДРШКА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА МИО НА ПОЧЕТОКОТ НА УЧЕБНАТА ГОДИНА

Со цел да се поддржуваат училиштата во натамошното подобрување на активностите за МИО на ниво на општина како и да се согледа нивото на постигнатост на МИО и потребата од организирање натамошна поддршка и помош од општината за училиштата, Комисијата за МИО и МУ организира состаноци со координаторите на тимовите за училишна интеграција во текот на месец август за: известување за постигањата во МИО и младинско учество во училиштата во текот на претходната учебна година; разгледување на можностите за унапредување на активностите за МИО и младинско учество во училиштата и општината; планирање на активности за МИО и младинско учество во наредната учебна година и внесување на истите во годишните програми за работа на училиштата за наредната учебна година. За таа цел општината ќе подготвува годишен акциски план (**прилог 1**).

## СЛЕДЕЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ НА МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА ВО ОСНОВНИТЕ И СРЕДНИ УЧИЛИШТА

**Комисијата континуирано ќе ја следи реализацијата на планираните активности за меѓуетничка интеграција на ниво на општината според Акцискиот план, со цел давање поддршка на активностите, а на годишна основа ќе ги собира податоците согласно Индикаторите за планирање на постигањата.**

**Индикаторите за планирање на постигањата:**

- Број на ученици вклучени во воннаставни активности реализирани самостојно во училиштата
- Број на ученици вклучени во воннаставни активности реализирани со партнер училиште

- Број на ученици вклучени во реализирани заеднички наставни активности
- Број на ученици вклучени во реализирани заеднички проектни активности/слободни часови
- Број на ученици вклучени во реализирани заеднички часови по практична настава
- % на обучени наставници од основно и средно образование
- % на обучени стручни соработници
- % на обучени членови на училишни одбори
- % на обучени директори
- % на обучени членови на училишни одбори
- % на училишта во кои составот на УО и СР е мултиетнички
- Број на иницијативи за МИО на советите на родители
- Број на заеднички настани

**ВИДЛИВОСТ НА ПОСТИГАЊАТА НА СТРАТЕГИЈАТА**

Општина Штип активно ќе се вклучи во афирмација на МИО активностите во училиштата. Афирмацијата на учениците и училиштата општината ќе ја реализира преку својата веб-страница, на седниците на комисијата за образование, култура и спорт, на седници на советот на општината, преку обраќањето на градоначалникот по донесените годишни извештаи на основните и на средните училишта, на локалните, а по можнот и на националните ТВ канали.
**За подобрувањето на видливоста на стратегијата општината ќе се залага:**

- Активностите на училиштата редовно да се објавуваат на Веб страната на секое училиште и на Веб страната на општината
- Информирање на јавноста за активностите за МИО и МУ преку локални, по можност национални и електронски медиуми;
- Организирање на кампањи, дебати и тркалезни маси за подигнување на свесноста на населението за придобивките од меѓуетничко интегрирано образование и младинско учество во општеството
- Организирање на заеднички настани на училиштата, општината, граѓанскиот сектор, за промоција на МИО и МУ на ниво на Општина;
- Присуство на активности од МИО при организирање на јавни манифестации (априлијада, ден на екологијата, пастрамајлијада);
- Отворен ден на училиштата;
- Младински иницијативи од страна на ученичките заедници во училиштата на територијата на Општина Штип

*Општина Штип ул. „Васил Главинов“ бр. 4Б, 2000 Штип,*
*Одделение за образование Тел: (032) 22 66 14; (032) 22 66 38 Факс: (032) 22 66 01*
*Веб страна: www.stip.gov.mk е-пошта: gradonacalnik@stip.gov.mk*